**20080090110**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ**
**ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ**

Се прогласува Законот за поштенските услуги,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 јануари 2008 година.

Бр. 07-86/1
4 јануари 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
**Предмет на Законот**

Со овој закон се уредуваат условите, начинот и постапките за обезбедувањето на поштенските услуги во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај, се уредуваат правата и обврските на давателите и корисниците на поштенските услуги, се основа Агенција за пошти како независно регулаторно тело и се уредуваат други прашања во врска со поштенската дејност.

Член 2
**Примена и цели на Законот**

(1) Одредбите на овој закон се применуваат на сите даватели на поштенските услуги во внатрешниот поштенски сообраќај, како и во меѓународниот поштенски сообраќај.
(2) Целите на овој закон се:
- обезбедување на навремени поштенски услуги за прием, сортирање, пренос и достава на поштенски пратки, парични средства и стоки, како на територијата на Република Македонија, така и надвор од нејзините граници,
- заштита на интересите на корисниците на поштенските услуги,
- обезбедување доверливост на поштенските пратки,
- овозможување конкуренција во областа на поштенските услуги според објективни, транспарентни и недискриминаторски услови, на постепен и контролиран начин со цел да се обезбеди извршувањето на универзалната поштенска услуга,

- унапредување на поштенската инфраструктура на целата територија на Република Македонија за поквалитетно обезбедување на поштенските услуги,
- обезбедување универзална поштенска услуга вклучувајќи ја и резервираната поштенска услуга,
- формирање на цените за поштенските услуги на објективни, транспарентни и недискриминаторски принципи и
- функционирање на поштенските услуги во интерес на Република Македонија.

Член 3
**Дефиниции**

Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:
- **поштенска пратка** е пратка адресирана со полна адреса која треба да се пренесе од страна на давател на универзалната поштенска услуга. Во поштенски пратки спаѓаат писмоносни пратки, книги, каталози, весници, списанија и поштенски пакети кои содржат стока со или без означена вредност;
- **обични поштенски пратки** се писма, поштенски картички, печатени работи, секограми, мали пакети и друго;
- **книжени поштенски пратки** се препорачани писмоносни поштенски пратки, вредносни поштенски пратки, пакети, поштенски парични упатници и телематски парични упатници;
- **поштенски услуги** се услуги кои вклучуваат прием, сортирање, пренос и достава на поштенски пратки во внатрешниот или меѓународниот поштенски сообраќај;
- **универзална поштенска услуга** е минимален обем на поштенски услуги кои постојано се обезбедуваат на целата територија на Република Македонија, со определен квалитет и по пристапни цени за корисниците на услугата;
- **резервирани поштенски услуги** се дел од универзалната поштенска услуга, резервирани за давателот на универзалната поштенска услуга за определен период;
- **давател на поштенски услуги** е домашно или странско правно или физичко лице кое има индивидуална дозвола, стандардна дозвола или одобрение за обезбедување на поштенски услуги согласно со овој закон;
- **давател на универзална поштенска услуга** (во натамошниот текст: давател на УПУ) е давател на поштенски услуги кој обезбедува универзална поштенска услуга во согласност со овој закон и на кого му е доделена индивидуална дозвола;
- **независно регулаторно тело за поштенскиот сектор** е Агенција за пошти која врши функции на регулирање на пазарот на поштенските услуги;
- **индивидуална дозвола** е управен акт кој го издава независното регулаторно тело од областа на поштенските услуги за обезбедување на универзална поштенска услуга, вклучувајќи ги резервираните поштенски услуги и поштенските услуги кои се вршат на слободниот поштенски пазар;
- **стандардна дозвола** е управен акт кој го издава независното регулаторно тело од областа на поштенските услуги за обезбедување на услуги во опсегот на универзалната поштенска услуга, но надвор од резервирана област и поштенски услуги кои се вршат на слободниот поштенски пазар;
- **одобрение** е управен акт кој го издава независното регулаторно тело од областа на поштенските услуги за обезбедување на поштенски услуги кои се вршат на слободниот поштенски пазар;
- **писмоносна пратка** е пратка која содржи писмена порака во затворен плик која треба да се пренесе и достави на адресата означена на самата пратка или на нејзината обвивка;

- **пакет** е поштенска пратка со определена големина и тежина;
- **мал пакет** е отворена поштенска пратка која не содржи писмено соопштение со тежина до 2 кг;
- **печатени работи** се целосно или делумно отворени поштенски пратки или пратки спакувани во провидна обвивка кои содржат книги, каталози, весници и периодични списанија;
- **поштенски вредносници** се стандардизирани поштенски пликови и поштенски картички со втиснати поштенски марки;
- **поштенска и телематска упатница** е поштенска пратка која служи како основа за исплаќање на паричниот износ на примачот;
- **експресна услуга** е најбрза поштенска услуга која има предност над другите поштенски пратки и над ограничувањата во цените утврдени за резервираната област;
- **директна пошта** се пратки кои се состојат само од рекламен, маркетиншки или пропаганден материјал со идентична порака, со исклучок на името, адресата и другите податоци за идентификација на примачот, како и на други променливи елементи кои не ја менуваат природата на пораката, а се испраќа на поголем број лица и треба да се достави на адресата што ја означил испраќачот на самата пратка или врз нејзината обвивка. Сметките, фактурите и финансиските извештаи кои овозможуваат финансиска операција не се сметаат за директна пошта. Соопштение кое содржи комбинација од рекламен материјал и други пратки во иста обвивка не се смета како пратка со рекламен материјал;
- **јавна поштенска мрежа** е поштенска мрежа на сите објекти во точките за пристап, опрема, мобилни и други средства организирани во единствена техничко-технолошка целина за обезбедување на универзална поштенска услуга;
- **точки за пристап на јавната поштенска мрежа** се сите видови на физички објекти, вклучувајќи ги пошторазнесувачите, поштенските сандачиња кои се поставени на јавни места или објекти, или во просториите на давателот на универзалната услуга каде што поштенските пратки можат да бидат предадени од страна на корисниците;
- **корисник на поштенски услуги** е правно и физичко лице кое како испраќач или примач користи поштенски услуги;
- **испраќач** е правно и физичко лице кое испраќа поштенски пратки;
- **примач** е правно и физичко лице до кое се адресирани поштенските пратки;
- **прием** на поштенски пратки е постапка на собирање на поштенски пратки предадени во точките за пристап на поштенската мрежа;
- **достава на поштенски пратки** е постапка од сортирање до достава на поштенските пратки на примачот;
- **дистрибуција** е процес кој се состои од пренос, сортирање и достава на поштенски пратки;
- **размена на документи** е услуга која и овозможува на трета страна да користи објекти, простории и средства за транспорт за потребите на поединечна група на корисници за меѓусебна размена на поштенски пратки;
- **секограм** е адресирана писмоносна пратка наменета за слепи лица и
- **акти на Светскиот поштенски сојуз** се меѓународни договори донесени од органите на Светскиот поштенски сојуз, а се однесуваат на поштенските услуги во меѓународниот поштенски сообраќај.

Член 4
**Определување на давател на универзална поштенска услуга**

(1) Обезбедувањето на универзалната поштенска услуга и издавањето на поштенските марки и поштенските вредносници, како и изградбата, одржувањето и работата на јавната поштенска мрежа и придружната инфраструктура се работи од јавен интерес.

(2) Акционерското друштво Македонска пошта во државна сопственост (во натамошниот текст: Македонската пошта), во смисла на овој закон, е поштенски оператор што обезбедува универзална поштенска услуга.

## II. НАДЛЕЖНОСТ ЗА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

Член 5

**Надлежни органи**

За вршење на работите од областа на поштенските услуги утврдени со овој закон, надлежни се:

- Министерството за транспорт и врски (во натамошниот текст: Министерството) и
- Агенцијата за пошти (во натамошниот текст: Агенцијата).

Член 6
**Надлежности на Министерството**

(1) Министерството:

- ја реализира политиката на Владата на Република Македонија во областа на поштенската дејност,
- ја изготвува законската регулатива од областа на поштенската дејност во соработка со Агенцијата,
- врши работи во врска со развојот на поштенските услуги и поштенскиот сообраќај и
- врши и други работи утврдени со овој закон.

(2) Министерот за транспорт и врски:

- ја подготвува Стратегијата за развој на поштенските услуги и ја доставува на усвојување од страна на Собранието на Република Македонија,
- го промовира развојот на конкуренцијата и либерализацијата во областа на поштенскиот пазар,
- ги координира и усогласува работите од областа на поштенските услуги,
- ги спроведува уредбите со законска сила за вршење на дејноста од областа на поштенските услуги во услови на воена и вонредна состојба,
- соработува со министерот за одбрана и министерот за внатрешни работи во врска со прашања од областа на поштенските услуги што се однесуваат на одбраната и безбедноста,
- ја претставува Република Македонија во меѓународните организации во областа на поштенските услуги и поштенскиот сообраќај, преговара и потпишува билатерални и меѓународни спогодби во областа на поштенските услуги и поштенскиот сообраќај во име на Владата на Република Македонија и
- врши и други работи утврдени со овој закон.

Член 7
**Независно регулаторно тело**

(1) Независно регулаторно тело во областа на поштенски услуги е Агенцијата од членот 5 алинеја 2 на овој закон.

(2) Агенцијата се основа како самостојно и непрофитно правно лице, која врши јавни овластувања утврдени со овој закон.

(3) Агенцијата во својата работа и при донесување на одлуки во рамките на своите овластувања е независна од друг државен орган или друго јавно правно лице или трговско друштво што врши дејност од областа на поштенските услуги и треба да биде непристрасна кон нив.

(4) Работата на Агенцијата е јавна.

(5) Агенцијата стекнува статус на правно лице со запишување во Централниот регистар на Република Македонија.

(6) Седиштето на Агенцијата е во Скопје.

(7) Со цел за извршување на определени активности во рамките на своите надлежности, Агенцијата може да ангажира други домашни и странски правни и физички лица имајќи го предвид конфликтот на интереси.

Член 8
**Делокруг на работа на Агенцијата**

(1) Агенцијата извршува работи утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и врз основа на Стратегијата за развој на поштенските услуги во Република Македонија, како и меѓународните договори од областа на поштенските услуги што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија.

(2) Агенцијата обезбедува почитување на обврските кои произлегуваат од Директивите на Европската унија и Препораките на Светскиот поштенски сојуз, гарантирање на давање на универзална поштенска услуга, утврдување на максимални ограничувања за резервирани поштенски услуги, како и отворање на пазарот со цел за создавање единствен пазар на поштенски услуги.

Член 9
**Надлежности на Агенцијата**

Агенцијата е надлежна да:

1) осигура обезбедување на универзална поштенска услуга:

- со соодветен квалитет согласно со членовите 25 и 27 од овој закон и
- определување на механизмот за следење на обезбедувањето на универзална поштенска услуга, на условите за испорака, испораката до дома, до продажните места, бројот на денови за испорака, квалитетот на целните побарувања на услугите со исклучок за руралните области;

2) осигура почитување на правилата за конкуренција преку:

- преземање на мерки за заштита на универзалната поштенска услуга согласно со овој закон и
- пропишување и преземање на заштитни мерки за да ги спречи давателите на поштенски услуги од ангажирање во антиконкурентни активности;

3) осигура формирање на цени и контрола на трошоците за обезбедување на универзална поштенска услуга согласно со овој закон преку:

- контрола на трошоците за обезбедување на универзална поштенска услуга направени од страна на давателот на УПУ и осигурува воспоставување на систем за пресметување на трошоците кај давателот на УПУ,
- утврдување политика за цените на пазарот и вршење контрола на цените утврдени од давателот на УПУ за обезбедување на универзална поштенска услуга,
- мониторинг на цените во областа за резервирани поштенски услуги од страна на други даватели на поштенски услуги и
- мониторинг на цените на другите даватели на поштенски услуги врз основа на систем за цени на слободен пазар;

4) врши мониторинг врз поштенскиот пазар преку:
- решавање спорови меѓу давателите на поштенски услуги и нивните корисници,
- решавање спорови меѓу давателот на УПУ и другите даватели на поштенски услуги согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој и друг закон,
- решавање спорови меѓу давателот на УПУ и другите даватели на поштенски услуги во врска со пристапот до јавната поштенска мрежа,
- издавање соодветни дозволи и одобренија на даватели на поштенски услуги и
- воспоставување, одржување и ажурирање електронска база на податоци што содржи информации за издадените индивидуални, стандардни дозволи и одобренија согласно со овој закон;

5) почитување на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон преку:
- донесување одлуки за можни нанесени штети на давателот на УПУ предизвикани од активности на други даватели на поштенски услуги,
- спроведување на надзор и инспекција и иницирање на постапки за изрекување на санкции за прекршувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и
- издавање дозволи и други одделни акти во согласност со Законот за општа управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено и

6) други активности во поштенскиот сектор преку:
- давање препораки за утврдување на политиката за развој на универзалната поштенска услуга,
- учествува во работата на меѓународни организации и здруженија, како и на независните регулаторни тела во областа на поштенските услуги од други земји и
- други работи утврдени со овој закон.

Член 10

**Одговороност за работата на Агенцијата**

(1) Агенцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија.

(2) Агенцијата за својата работа е должна до 31 март во тековната година да достави годишен извештај за претходната година до Собранието на Република Македонија.

(3) Годишниот извештај од ставот (2) на овој член особено содржи:
- Извештај за извршени активности на Агенцијата во изминатиот период,
- Годишна програма за работа за претстојниот период,
- извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзалната поштенска услуга,
- извештај за извршување на финансискиот план на Агенцијата и
- ревизорски извештај изработен од надворешен и независен ревизор.

(4) Годишниот извештај за работата на Агенцијата за претходната година јавно е достапен.

Член 11
**Органи на Агенцијата**

Органи на Агенцијата се комисија и директор.

Член 12
**Комисија**

(1) Комисијата се состои од пет члена вклучувајќи го и претседателот којшто претседава со состаноците на Комисијата.

(2) Претседателот на Комисијата има заменик кој го избира Комисијата од редот на своите членови.

(3) Претседателот и членовите на Комисијата ги именува Собранието на Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(4) За претседател и членови на Комисијата можат да бидат именувани лица кои се државјани на Република Македонија и кои се истакнале во областа на поштенските услуги, машинските, правото, економијата и од други области што се од значење за остварување на надлежноста на Агенцијата.

(5) Претседателот и членовите на Комисијата се именуваат со мандат од пет години, со тоа што првиот мандат на претседателот е пет години, на двајца членови четири години и на другите двајца членови е три години.

(6) Претседателот и членовите на Комисијата не можат да бидат именувани повеќе од два последователни мандата.

(7) Претседателот или членот на Комисијата се именуваат не подоцна од 60 дена пред истекот на мандатот на нивните претходници.

(8) Ако постапката за именување не е завршена пред истекот на мандатот на претседателот или на членот на Комисијата, претседателот и членовите на Комисијата чии мандати се истечени, ќе продолжат да ја вршат својата  функција, но не подолго од шест месеца.

(9) Во текот на времетраењето на својот мандат, претседателот и членовите на Комисијата не можат да бидат пратеници во Собранието на Република Македонија, членови на Владата на Република Македонија, лица кои извршуваат должности во органите и телата на политичките партии, членови на управни и надзорни органи на јавни претпријатија или членови на друг вид асоцијација на правни и физички лица кои би можеле да доведат до конфликт на интересите.

(10) Претседателот, член на Комисијата, неговиот/нејзиниот брачен другар или невенчан партнер, како и блиски роднини во права линија до второ колено, не можат да имаат дел од акции, директно или индиректно во организации што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата.

(11) Ако директорот или член на Комисијата има директен или индиректен приватен интерес во врска со одлучувањето на Агенцијата се должни за тоа да го известат претседателот на Комисијата, по осознавањето за постоењето на таквиот интерес и нема да учествуваат во одлучувањето по тоа прашање.

Член 13
**Начин на работа и одлучување на Комисијата**

(1) Комисијата се состанува најмалку еднаш месечно.

(2) Комисијата за известува јавноста за својата работа преку медиумите најмалку на секои три месеца.

(3) Комисијата на состаноците работи со кворум од три члена.

(4) Одлуките на Комисијата се донесуваат со мнозинство гласови од вкупиот број членови на Комисијата. Во случај кога на состанокот се присутни четири члена и при гласањето се добие еднаков број гласови, за донесена се смета одлуката за која гласал претседателот на Комисијата.

(5) Претседателот на Комисијата ги свикува состаноците на Комисијата, претседава на состаноците на Комисијата и ја претставува и застапува Комисијата, а во случај на негово отсуство или спреченот обврските ги извршува заменикот на претседателот на Комисијата.

(6) За претседател и членови на Комисијата можат да бидат именувани лица вработени во други правни лица, освен во други правни лица кои можат да бидат во конфликт на интересите согласно со овој закон.

(7) Претседателот и членовите на Комисијата имаат право на месечен надоместок, како и надоместок на други оправдани трошоци утврдени со Статутот на Агенцијата, а одобрени од ревизор.

(8) Средствата за месечниот надоместок и на другите оправдани трошоци на претседателот и на членовите на Комисијата се обезбедуваат од средствата на Агенцијата утврдени со годишниот финансиски план.

Член 14

**Надлежности на Комисијата**

Комисијата е надлежна да:

- донесува статут и други акти на Агенцијата,
- донесува годишен финансиски план на Агенцијата и завршна сметка,
- донесува годишна програма за работа на Агенцијата,
- одобрува годишен извештај за работа,
- го именува директорот на Агенцијата во согласност со овој закон,
- го следи спроведувањето на годишната програма за работа и на други програми и иницијативи на Агенцијата,
- решава по жалба во втор степен,
- соработува со други државни органи и институции, органи на единиците на локалната самоуправа и со невладини организации и здруженија на граѓани,
- доставува извештаи, препораки и предлози до Собранието на Република Македонија и други државни органи и институции од областа на поштенските услуги и
- врши и други работи утврдени со овој закон и Статутот на Агенцијата.

Член 15

**Разрешување на претседателот и членовите на Комисијата**

(1) Собранието на Република Македонија, по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, може да го разреши претседателот или член на Комисијата пред истекот на мандатот:

- на негово барање,
- ако е осуден за кривично дело за коешто е предвидена казна затвор во траење подолго од шест месеца или му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, во траење подолго од шест месеца,
- ако неоправдано отсуствувал од три состаноци на Комисијата едно по друго или вкупно од пет состаноци за време од една година,

- доколку се утврди дека при извршување на функцијата сам или заедно со друг член на Комисијата дејствува спротивно на основните цели на законот, а кое може да се утврди од извештајот на ревизорот за степенот на постигнување на законските надлежности на Агенцијата и

- поради нестручно, непрофесионално и несовесно извршување на функцијата претседател или член на Комисијата на полето на материјалното и финансиското работење, констатирано во извештајот на ревизорот.

(2) Недоставување на годишниот извештај за работа на Агенцијата до Собранието на Република Македонија може да биде причина за колективното разрешување на Комисијата.

Член 16

**Директор на Агенцијата**

(1) Комисијата именува директор на Агенцијата по пат на јавен конкурс. Кандидатот мора да биде со високо образование и работно искуство над пет години. При изборот ќе се земе професионалното и менаџерското искуство во областа на поштенските услуги.

(2) Комисијата е должна да именува директор не подоцна од 30 дена пред истекот на мандатот на неговиот претходник.

(3) Директорот, неговиот брачен другар или невенчан партнер, како и блиски роднини во права линија до второ колено, не можат да имаат дел на акции, директно или индиректно во организации, правни лица, оператори и даватели на услуги што извршуваат активности што директно спаѓаат под надлежност на Агенцијата.

(4) Директорот е професионално ангажиран во Агенцијата со полно работно време.

Член 17

**Надлежности на директорот**

(1) Директорот раководи со работата на Агенцијата и е одговорен за законито работење на Агенцијата и ги има следниве надлежности:

- да потпишува договори во име на Агенцијата,
- да донесува одлуки по прашања за кои не одлучува Комисијата,
- предлага акти што ги донесува Комисијата,
- дава овластувања во рамките на своите надлежности,
- донесува решенија во прв степен,
- назначува инспектори за поштенски сообраќај,
- врши и други работи утврдени со овој закон и Статутот на Агенцијата,
- донесува акти за спроведување на овој закон и
- назначува лица на раководни места во Агенцијата.

(2) Директорот има право да присуствува и учествува на состаноците на Комисијата, без право на глас.

(3) Мандатот на директорот е пет години, со можност за уште еден последователен мандат.

(4) Директорот до Комисијата може да поднесе оставка на својата функција во писмена форма.

(5) Ако мандатот на директорот е завршен, а постапката за именување на директор не е завршена, директорот продолжува да ја врши функцијата се додека не се именува директор, но не подолго од шест месеца.

Член 18
**Разрешување на директорот**

(1) Директорот може да биде разрешен од Комисијата во следниве случаи:
- на негово барање,
- во случај на спреченост за вршење на функцијата поради болест подолго од шест месеца,
- прифаќање на функција или работа што се неспоиви со неговата функција на директор,
- ако е осуден за кривично дело за кое му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеца или му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност, во траење подолго од шест месеца,
- повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него или
- злоупотреба на функцијата.

(2) Директорот против кого е започната постапка за разрешување претходно се известува за можните сомневања и му се овозможува одбрана пред Комисијата.

Член 19
**Организација и вработување во Агенцијата**

(1) Со статутот на Агенцијата се уредува внатрешната организација, начинот и условите за вработување во Агенцијата согласно со Законот за работните односи.

(2) За вршење на работите на Агенцијата се формира стручна служба чија внатрешна организација и начин на работа поблиску се уредува со актите за организација и систематизација на работите и задачите.

(3) Одредбите од Законот за државните службеници не се применуваат на вработените во Агенцијата.

Член 20
**Начин на работата на Агенцијата**

(1) Агенцијата организира јавни седници најмалку еднаш на три месеца со сите заинтересирани лица, со цел за да им се овозможи да бидат запознати со работата на Агенцијата и да им се даде можност да ги изразат нивните ставови и мислења за унапредување на состојбите во Република Македонија.

(2) Агенцијата со Статутот поблиску ги утврдува:
- постапката за начинот на примање на предлози од заинтересираните страни,
- начинот и местото на објавување на своите одлуки и други акти,
- начинот на пристап до податоци и информации што Агенцијата е обврзана јавно да ги објави и други податоци и информации и
- начинот на соработка со претставници на организации на корисниците на поштенските услуги.

Член 21
**Финансирање, сметководство и ревизија на Агенцијата**

(1) Работењето на Агенцијата се финансира од:
- средства остварени од приходите од надоместоците превидени со овој закон и
- донации, заеми и друга финансиска и техничка помош.

(2) Годишниот финансиски план на Агенцијата го усвојува Комисијата и го доставува до Собранието на Република Македонија на одобрување. Годишниот финансиски план на Агенцијата содржи податоци за приходите и трошоците, како и ревизорски и финансиски извештаи за претходната година и предвидените капитални и оперативни трошоци за следната година.

(3) Ревизијата ја врши надворешен и независен ревизор.

(4) Агенцијата е должна да води посебно сметководство за средствата во компензацискиот фонд за универзалната поштенска услуга, како и за средствата од работењето на Агенцијата.

(5) Во случај кога надоместоците и другите трошоци утврдени со овој закон, субјектите не ги уплатат на начин и рокови утврдени со овој закон, се спроведува постапка за присилна наплата согласно со закон.

Член 22

**Обезбедување на податоци и информации од даватели на поштенски услуги**

(1) Давателите на поштенски услуги се должни на барање на Агенцијата да и ги стават на располагање сите информации и финансиски податоци, заради извршување на нејзините надлежности.

(2) Информациите кои ги бара Агенцијата треба да бидат оправдани, засновани на разумна основа и пропорционални на целта за којашто ќе бидат употребени.

(3) Давателите на поштенските услуги се должни на барање на Агенцијата да обезбедат информации, во обем и во рок утврдени во барањето, без надоместок.

(4) Агенцијата при извршувањето на своите надлежности соработува со други државни органи и тела за прашања кои се во врска со поштенските услуги. Агенцијата, другите регулаторни тела и Комисијата за заштита на конкуренцијата се должни да разменуваат податоци и информации што им се потребни за вршење на нивните надлежности, чиј обем на размена е ограничен на податоци и информации што се соодветни и пропорционални на целите за коишто се разменуваат.

(5) Агенцијата може доверливите информации добиени од друго регулаторно тело или од Комисијата за заштита на конкуренцијата, да ги користи само за цели за коишто тие се побарани со почитување на доверливоста на истите.

Член 23

**Евиденција и чување на податоци од даватели на поштенски услуги**

(1) Агенцијата води службена евиденција и чува документација за давателите на поштенските услуги.

(2) Во службената евиденција и документацијата на давателите на поштенските услуги се чуваат следниве податоци:

- називот или името на трговското друштво или друго правно лице или на трговец поединец,
- името на одговорното лице на правното или физичкото лице,
- матичниот број, даночниот број и седиштето на правното или на физичкото лице,
- податоци за издадената дозвола, за видовите на поштенските услуги и други податоци што се содржани во дозволата, како и податоци за престанок на важност на дозволата,
- податоци за известувања, за видовите на поштенски услуги и податоци за можни одлуки за забрана на обезбедувањето на поштенските услуги,

- податоци за исполнување на обврските на давателите на поштенски услуги што произлегуваат од овој закон и

- податоци за санкциите што се изречени за направен прекршок, согласно со овој закон.

(3) Агенцијата води евиденција и ја чува документацијата од ставот (1) на овој член во својата електронска база на податоци.

Член 24

**Пристап до документацијата на Агенцијата**

(1) Документација на давателите за поштенски услуги за кои Агенцијата води евиденција во базата на податоци согласно со членот 23 од овој закон е јавно достапна освен доверливите податоци, со плаќање на стварни трошоци.

(2) Документацијата од ставот (1) на овој член се однесува на:

- документи на Агенцијата од членот 23 на овој закон,

- документација за извршен надзор и контрола на поштенскиот пазар,

- податоци, информации и публикации за коишто Агенцијата смета дека придонесуваат за отворен и конкурентен поштенски пазар и

- друга документација за давателите на поштенските услуги што ќе ја определи Агенцијата.

## III. ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

Член 25

**Универзална поштенска услуга**

(1) Универзалната поштенска услуга, во смисла на овој закон, претставува постојано, редовно и непречено обезбедување на поштенски услуги со утврден квалитет на целата територија на Република Македонија, по пристапни цени за сите корисници и обично секој работен ден, со најмалку еден прием и една достава на ден.

(2) Универзалната поштенска услуга се врши во внатрешниот и во меѓународниот поштенски сообраќај и ги вклучува како минимум следниве поштенски услуги:

- прием, пренос, сортирање и достава на писмоносни пратки со тежина до 2 кг,

- прием, пренос, сортирање и достава на пакети со тежина до 20 кг,

- поштенски и телематски парични упатници,

- книжени услуги и услуги со означена вредност и

- прием и дистрибуција на поштенски пратки за слепи лица и за лица со делумно оштетен вид.

(3) Условите за обезбедување на универзалната поштенска услуга се утврдени со одредбите на овој закон, подзаконските акти донесени врз основа на овој закон, како и прописите на Европската унија за поштенските услуги, како и актите на Светскиот поштенски сојуз за меѓународниот поштенски сообраќај.

(4) Агенцијата ги пропишува техничките барања за квалитетот на универзалната поштенска услуга, параметри за мерење на квалитетот, како и потребни минимални услови за остварениот квалитет.

Член 26

**Обезбедување на универзална поштенска услуга**

(1) Давателот на УПУ е должен на целата територија на Република Македонија постојано, редовно и непречено да обезбедува универзална поштенска услуга, која може да се прекине само во случај на виша сила или во услови кои претставуваат опасност за давателот на УПУ.

(2) Во рамките на универзалната поштенска услуга, поштенските услуги се обезбедуваат, секој работен ден, но не помалку од пет пати неделно, најмалку едно собирање и една достава на поштенски пратки од членот 25 став (2) на овој закон.

(3) Доколку примачот одбие да го покрие трошокот за поштенската услуга, плаќањето за поштенската услуга се побарува од испраќачот при враќање на поштенската пратка на испраќачот.

(4) Давателот на УПУ е должен најмалку еднаш годишно да објави информации за посебните карактеристики на универзалната поштенска услуга, особено за нејзините општи услови, цени и квалитет на начин достапен до сите корисници.

(5) Агенцијата на предлог на давателот на УПУ ќе ги утврди подрачјата на единиците на мрежата на давателот на УПУ за обезбедување на универзалната поштенска услуга.

Член 27

**Обезбедување на универзална поштенска услуга преку истурен шалтер и по пат на договор**

(1) Давателот на УПУ може да организира собирање и достава на поштенски пратки преку истурен шалтер во трговски центри, сајмишта, болници и во други објекти на правни и физички лица. Истурениот шалтер треба да има и ознака (лого) на поштата на која организациски и припаѓа.

(2) Домашни и странски правни лица можат во името на давателот на УПУ, по пат на договор, да обезбедуваат дел од универзална поштенска услуга и тоа прием, транспорт и дистрибуција.

Член 28

**Квалитет на услуга за обезбедување на универзалната поштенска услуга**

(1) Квалитетот на услугата за обезбедување на универзалната поштенска услуга за домашниот поштенски сообраќај ќе се мери од страна на Агенцијата од приемот на поштенската пратка до нејзината достава.

(2) Агенцијата ќе изработи методологија за мониторинг врз квалитетот на услугата.

(3) За квалитетот на услугата за обезбедување на универзалната поштенска услуга за меѓународниот поштенски сообраќај Агенцијата е должна да применува меѓународен систем за мерење на квалитетот на поштенските услуги.

Член 29

**Надоместок за обезбедување на обврските за универзална поштенска услуга**

(1) Давателот на УПУ има право на надоместок доколку трошоците што настанале со обезбедувањето на универзалната поштенска услуга во претходната година се повисоки од остварениот приход од овие услуги во тековната година.

(2) Агенцијата го пропишува методот на утврдување на трошоците што давателот на УПУ може да ги вклучи во своите побарувања и начинот за пресметување на надоместокот од ставот (1) на овој член.

(3) Давателот на УПУ има право на надоместок со кој ќе се покрие разликата меѓу приходот и трошоците од ставот (1) на овој член.

Член 30
**Компензациски фонд за финансирање на универзална поштенска услуга**

(1) Средствата за надоместување на реалните трошоци за обезбедување на универзална поштенска услуга се обезбедуваат од давателите на поштенски услуги и тоа кои остваруваат минимум бруто приход во висина утврдена од Агенцијата.

(2) Агенцијата го утврдува износот на средствата од ставот (1) на овој член и истиот не смее да биде помалку од 1,1% и не повеќе од 2% од вкупниот приход што се остварува со обезбедување на поштенски услуги од страна на сите даватели што подлежат на обврска за плаќање на средства според ставот (1) на овој член.

(3) Со цел да се утврди приходот од ставот (2) на овој член, Агенцијата издава посебен формулар што давателите на поштенски услуги треба да го пополнат и да и го испратат на Агенцијата секоја година до 31 март. Ако давателот на поштенска услуга не го стори тоа, Агенцијата ќе ги користи податоците за вкупните приходи на давателот на поштенски услуги од претходната година дадени во годишниот извештај доставен до Агенцијата врз основа на податоците што давателот на поштенска услуга го доставил до Агенцијата.

(4) Давателите на поштенски услуги се должни да ги уплатат средствата од ставот (1) на овој член на посебна сметка на Агенцијата најдоцна до 30 април во тековната година за претходната година.

(5) Ако Агенцијата основано се сомнева во вистинитоста на податоците од ставот (4) на овој член, Агенцијата може да изврши преглед на податоците или да овласти ревизор да изврши ревизија на податоците и да го утврди приходот земајќи ги предвид трошоците на давателите на поштенските услуги. Ако проценетиот приход значително се разликува од податоците за приход од ставот (3) на овој член, Агенцијата во својата пресметка го зема предвид утврдениот приход.

(6) Трошоците направени за ревизијата од ставот (6) на овој член ги плаќа давателот на поштенската услуга доколку постои разлика во податоците, во спротивно, Агенцијата ги надоместува направените трошоци.

(7) Агенцијата од сметката за надоместоците за обезбедување на универзалната поштенска услуга врши исплата на годишна основа на давателот на УПУ, во износ на утврдените реални трошоци од ставот (2) на овој член.

(8) Сметката за надоместоци за универзална поштенска услуга треба да се ревидира годишно од независен ревизор овластен од и за сметка на Агенцијата.

Член 31
**Резервирани поштенски услуги**

(1) Резервирани поштенски услуги се поштенски услуги кои ги обезбедува само давателот на УПУ, под услов да се со тежина до 100 грама за внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај.

(2) Поштенски пратки со тежина до 100 грама за внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај, а имаат цена три пати повисока од цената за транспорт на писмоносната поштенска пратка од стандардна категорија во првата тежинска стапка, не се резервирани поштенски услуги од ставот (1) на овој член.

(3) Во резервирана поштенска услуга спаѓа услугата на директната пошта, во рамките на истите ограничувања за тежина и цена.

(4) Во резервирана поштенска услуга спаѓаат препорачаните и вредносните поштенски услуги, во рамките на истите ограничувања за тежина и цена.

(5) Постапката за постапно укинување на резервираните поштенски услуги, ќе се одвива на следниов начин:

- до 31 декември 2008 година ќе се обезбедуваат резервирани поштенски услуги до 100 грама и цена три пати повисока од цената за транспорт на писмоносната поштенска пратка од стандардна категорија во првата тежинска стапка за внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај,

- од 1 јануари 2009 до 31 декември 2011 година ќе се обезбедуваат резервирани поштенски услуги до 50 грама и цена два ипол пати повисока од цената за транспорт на писмоносната поштенска пратка од стандардна категорија во првата тежинска стапка за внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај и

- од 1 јануари 2012 година нема да се обезбедуваат резервирани поштенски услуги.

## IV. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

### Член 32
**Номенклатура за универзална поштенска услуга**

(1) Со Номенклатурата за универзална поштенска услуга се утврдуваат видовите на универзалната поштенска услуга во внатрешниот и меѓународниот поштенски сообраќај.

(2) Агенцијата на предлог на давателот на УПУ ќе ја пропише Номенклатурата од ставот (1) на овој член.

### Член 33
**Услови за обезбедување на поштенски услуги**

(1) Пред започнување со обезбедување на поштенски услуги, секое правно или физичко лице е должно да достави писмено барање за добивање индивидуална дозвола, стандардна дозвола или одобрение до Агенцијата, под услови утврдени со овој закон.

(2) За обезбедување на универзална поштенска услуга, вклучувајќи ги резервираните поштенски услуги и за поштенски услуги кои се извршуваат на слободниот поштенски пазар, Агенцијата издава индивидуална дозвола само на едно правно лице.

(3) За обезбедување на услуги во рамките на универзалната поштенска услуга, надвор од резервираната поштенска услуга и за поштенски услуги кои се извршуваат на слободниот поштенски пазар, Агенцијата издава стандардна дозвола на правни или физички лица.

(4) За обезбедување на други поштенски услуги кои се вршат на слободниот поштенски пазар, Агенцијата издава одобрение на правни или физички лица.

(5) Ако не е издадена индивидуална и стандардна дозвола, односно одобрение од ставовите (2), (3) и (4) на овој член забрането е обезбедувањето на тие поштенски услуги.

### Член 34
**Постапка за добивање на дозвола за обезбедување на поштенски услуги**

(1) Барањето од членот 33 став (1) на овој закон треба особено да содржи:

- име, седиште, единствен даночен број и регистарскиот број на барателот под кој е заведен во Централниот регистар на Република Македонија, како и изјава од правен застапник со име, адреса, број за контакт и единствен матичен број,

- датум на започнување, промена или прекин на обезбедувањето на поштенските услуги,

- податоци за видовите и условите на поштенските услуги кои ќе ги обезбедува и

- ценовник по кој ќе ги обезбедува поштенските услуги.

(2) Барањето за добивање на индивидуална или стандардна дозвола, покрај податоците од ставот (1) на овој член треба особено да содржи и податоци за:

- способноста барателот да работи со јавната поштенска мрежа и да ги обезбедува поштенските услуги, вклучувајќи ја и техничката и организациската опрема, како и човечките ресурси кои ќе ги обезбедуваат овие активности,
- расположливи финансиски средства потребни за обезбедување на поштенски услуги,
- сигурност, достапност и брзина на обезбедување на поштенската услуга,
- развојот на операторот и активностите за подобрување на работата на јавната поштенска мрежа и на обезбедувањето на поштенските услуги,
- рокови и услови за обезбедување на поштенските услуги како и предлог на цени по кои ќе ги обезбедува услугите,
- дозвола која не била укината по службена должност, согласно со членот 40 став (5) од овој закон, во период од пет години пред поднесувањето на барањето за добивање на дозвола и
- бизнис план за најмалку пет години.

(3) Агенцијата може да одбие да издаде дозвола доколку не се исполнат сите барања предвидени за нејзино издавање.

(4) Агенцијата е должна да одговори на барањето од ставот (1) на овој член, во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(5) Доколку врз основа на барањето поднесено од барателот се утврди дека може да обезбедува универзална поштенска услуга, Агенцијата издава индивидуална дозвола за обезбедување на таа услуга.

(6) Доколку врз основа на барањето поднесено од барателот се утврди дека може да обезбедува поштенски услуги во опсегот на универзалната поштенска услуга, Агенцијата издава стандардна дозвола за вршење на поштенските услуги.

(7) Доколку врз основа на барањето поднесено од барателот се утврди дека може да обезбедува други поштенски услуги кои се вршат на слободниот поштенски пазар, Агенцијата издава одобрение за вршење на поштенските услуги.

(8) Барателот има обврска да ја извести Агенцијата за промена на податоците дадени во барањето во рок од 30 дена од денот на настанатата промена или за прекин на обезбедувањето на поштенските услуги најмалку 15 дена однапред.

(9) Агенцијата врши регистрација на барателот, односно на давателот на поштенската услуга со запишување во службена евиденција во рок од 15 дена од денот на поднесеното барање.

(10) Агенцијата на барателот му издава писмена потврда за извршена регистрација на барањето.

(11) Регистрацијата од ставот (9) на овој член не претставува доволен услов за остварување на правата и обврските на давателот на поштенските услуги согласно со овој закон.

(12) Агенцијата е должна во рок од 15 дена од добивањето на барањето кое не ги содржи сите потребни податоци и документација од ставовите (2) и (3) на овој член, да го извести барателот да го дополни барањето со потребните податоци во рок кој не може да биде подолг од 30 дена.

(13) Агенцијата ја пропишува содржината и формата на барањето, потребната документација и формата и содржината на потврдата за регистрација на барањата.

Член 35

**Содржина на индивидуалната дозвола**

(1) Индивидуалната дозвола од членот 33 став (2) на овој закон особено содржи:

- податоци за носителот на индивидуалната дозвола,

- право и обврска за обезбедување на универзална поштенска услуга на целата територија на Република Македонија, вклучувајќи го и правото за обезбедување на резервирани поштенски услуги,
- дефинирање на обемот и условите за обезбедување на универзалната поштенска услуга,
- податоци за развој и квалитет при обезбедувањето на универзалната поштенска услуга, како и времето потребно за нејзиното извршување,
- условите за пристап до јавната поштенска мрежа и густината на точките за пристап,
- период на важност на индивидуалната дозвола и
- посебни права и обврски кои давателот на УПУ ги има за време на обезбедувањето на универзалната поштенска услуга.

(2) Правното лице кое има добиено дозвола за обезбедување на универзална поштенска услуга, е должно за сите статусни промени да ја извести Агенцијата во рок од 30 дена од нивното настанување.

Член 36

**Содржина на стандарна дозвола**

Стандардната дозвола од членот 33 став (3) на овој закон особено содржи:
- податоци за носителот на стандардната дозвола,
- право и обврска за обезбедување на поштенски услуги во рамките на универзална поштенска услуга, но надвор од резервираната област и за поштенски услуги кои се извршуваат на слободниот поштенски пазар,
- дефинирање на обемот и условите за обезбедување на поштенските услуги,
- податоци за развој и квалитет при обезбедувањето на поштенските услуги, како и времето потребно за нивното извршување,
- период на важност на стандардната дозвола и
- посебни права и обврски на давателот на поштенските услуги.

Член 37

**Времетрање на важноста и продолжување на важноста на индивидуална и стандардна дозвола**

(1) Агенцијата издава индивидуална дозвола за време не подолго од 15 години. По истекот на овој период Агенцијата одлучува за продолжување на дозволата, во зависност од условите на поштенскиот пазар.

(2) Агенцијата издава стандардна дозвола за време не подолго од пет години. По истекот на периодот за кој е издадена стандардната дозвола, Агенцијата ја продолжува на писмено барање на носителот на дозволата најмногу за пет години.

(3) Барањето за продолжување на важноста на дозволата од ставовите (1) и (2) на овој член се доставува до Агенцијата во рок не пократок од 30 и не подолг од 90 дена пред истекот на нивната важност.

Член 38

**Пренесување на правата и обврските од дозвола**

Правата и обврските дадени во дозволата не можат да се пренесат на друго правно или физичко лице.

Член 39
**Измена на дозвола**

(1) Дозволата од членит 33 ставови (2) и (3) на овој закон може да се измени во секое време на барање на носителот на дозволата или по службена должност.

(2) Новата дозвола, издадена на барање на носителот на дозволата, може поинаку да ги утврди правата и обврските само за носителот на дозволата кој го поднел барањето.

(3) Кога постапката за измена на дозволата е започната по службена должност, Агенцијата е должна веднаш да го извести носителот на дозволата за измената и за причините за измена на дозволата.

(4) Агенцијата има право да ја измени индивидуалната дозвола за обезбедување на универзална поштенска услуга по службена должност, доколку:

- тоа е потребно со цел да се обезбеди ефикасно обезбедување на универзалната поштенска услуга,
- јавниот интерес бара промена на обемот на универзалната поштенска услуга,
- тоа е потребно заради одбраната, заштитата и државната безбедност и
- тоа се бара заради усогласување со законодавството на Република Македонија и меѓународните акти.

(5) Агенцијата има право да ја измени стандардната дозвола за обезбедување на поштенски услуги по службена должност ако носителот на дозволата повеќе не ги исполнува условите од членот 36 на овој закон.

(6) Агенцијата издава нова индивидуална или стандардна дозвола со која издадената дозвола се менува делумно или целосно.

Член 40
**Укинување на дозвола**

(1) Дозволата од членот 33 ставови (2) и (3) на овој закон може да се укине врз основа на одлука што ја издава Агенцијата.

(2) Одлуката врз основа на која се укинува дозволата ја издава Агенцијата по службена должност или на барање на носителот на дозволата.

(3) Доколку од објективни причини универзалната поштенска услуга не може да се обезбедува, Агенцијата може да ја укине индивидуалната дозвола на барање на носителот на дозволата само откако дозволата ќе се издаде на друг носител на дозвола.

(4) Агенцијата ја укинува стандардната дозвола на барање на носителот на дозволата доколку барателот ги има исполнето сите обврски кои произлегуваат од овој закон, како и условите утврдени во дозволата.

(5) Во рок од 15 дена од приемот на барањето од ставот (2) на овој член, Агенцијата издава одлука според која престанува обврската за уплата на средства во компензацискиот фонд од членот 30 на овој закон.

(6) Агенцијата ја укинува дозволата по службена должност доколку:

- носителот на дозволата повеќе не ги исполнува условите од членовите 35 и 36 на овој закон,
- не се отстранети недостатоците што Агенцијата барала да се отстранат во утврден временски рок,
- не се платени надоместоците за добивање на дозволата,
- носителот на дозволата ја прекршува тајноста на поштенските пратки и
- носителот на дозволата не постапи по конечно решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата со кое е утврдено дека носителот на дозволата постапил спротивно на одредбите на Законот за заштитата на конкуренцијата.

(7) Укинувањето на дозволата е со денот кога одлуката со која се укинува дозволата ќе стане конечна.

(8) По укинувањето на дозволите од ставовите (3), (4) и (6) на овој член носителите на тие дозволи не смеат да ги обезбедуваат поштенските услуги.

Член 41

**Престанок на важноста на дозволата**

(1) Дозволите од членот 33 ставови (2) и (3) на овој закон, по сила на закон, престануваат да важат:

- по истекот на временскиот рок за кој истата била издадена,
- доколку носителот на дозволата престанал да постои и
- носителот на дозволата не почне да ги обезбедува услугите кои се наведени во дозволата.

(2) За престанок на важноста на дозволата Агенцијата донесува одлука.

(3) По престанокот на дозволите од ставот (1) на овој член носителите на тие дозволи не смеат да ги обезбедуваат поштенските услуги.

Член 42

**Постапка за издавање на одобрение**

(1) Агенцијата издава одобрение од членот 33 став (4) на овој закон за обезбедување на поштенски услуги кои се вршат на слободниот поштенски пазар врз основа на барање за издавање на одобрение кое треба да ги содржи следниве податоци:

- име, адреса и единствен матичен број на барателот,
- назив, седиште, даночен број и број на регистрација, регистарски број и изјава на законски застапник за правни или физички лица,
- образложение за потребите и намената за обезбедување на поштенските услуги и
- техничко решение, со податоци за географската област за обезбедување на поштенските услуги.

(2) Агенцијата е должна да издаде одобрение во рок од 42 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(3) Агенцијата ќе го одбие барањето доколку утврди дека:

- на барателот му било укинато одобрението по негова вина во последните пет години и
- не се исполнети сите барања предвидени за негово издавање.

Член 43

**Содржина на одобрението**

(1) Одобрението од членот 42 на овој закон особено содржи:

- право за обезбедување на поштенски услуги за кое е поднесено барањето,
- податоци за носителот на одобрението и услови за промена на сопственоста,
- времетраење на важноста на одобрението за обезбедување на поштенски услуги,
- датум на започнување, промена или прекин на обезбедување на поштенските услуги,
- податоци за видовите на поштенските услуги кои се обезбедуваат,
- локацијата на која ќе се обезбедуваат поштенските услуги и
- посебни права и обврски кои давателот на поштенски услуги ги има за време на обезбедувањето на поштенската услуга.

(2) Носителот на одобрението е должен да ја извести Агенцијата за промените во податоците од ставот 1 на овој член во рок од 30 дена од денот на настанувањето на тие промени.

Член 44
**Времетраење на важноста и продолжување на важноста на одобрението**

(1) Агенцијата издава одобрение за обезбедување на поштенски услуги за време не подолго од пет години.

(2) По истекот на времетраењето на важноста за кое е издадено одобрението, Агенцијата може да го продолжи одобрението на писмено барање на носителот на одобрението за времетраење за кое е издадено.

(3) Барањето за продолжување на важноста на одобрението се доставува до Агенцијата, во рок не пократок од 30 и не подолг од 90 дена, пред истекот на неговата важност.

(4) Во случај на продолжување на важноста Агенцијата издава ново одобрение, за време не подолго од десет години, доколку се исполнат сите услови за издавање на новото одобрение до моментот кога престанува важноста на постојното одобрение.

Член 45
**Пренос на одобрението**

Правата и обврските дадени во одобрението важат само за давателот на поштенската услуга кој го поднел писменото барање за добивање на одобрението, односно одобрението не може да се пренесе на друго правно или физичко лице.

Член 46
**Измена на одобрението**

(1) Одобрението може да се измени во секое време на барање на носителот на одобрението или по службена должност.

(2) Кога постапката за измена на одобрението е иницирана на барање на носителот на одобрението, кон барањето за измена на одобрението се наведуваат и податоците од членот 42 став (1) на овој закон што се бараат при поднесувањето на барањето за добивање на одобрението.

(3) Со одобрението што се издава на барање на носителот на одобрението, може поинаку да се утврдат правата и обврските само за носителот на одобрението кој го поднел барањето.

(4) Кога постапката за измена на одобрението е започната по службена должност, Агенцијата е должна веднаш да го извести носителот на одобрението за измената и за причините за измена на одобрението.

(5) Агенцијата има право да го измени одобрението за обезбедување на поштенските услуги по службена должност, доколку тоа се бара заради усогласување со прописите на Република Македонија и меѓународните договори и спогодби што ги ратификувала Република Македонија.

(6) Агенцијата издава ново одобрение со кое издаденото одобрение се менува делумно или целосно.

Член 47
**Укинување на одобрение**

(1) Одобрението може да се укине, делумно или целосно, врз основа на одлука што ја издава Агенцијата.

(2) Одлуката врз основа на која се укинува одобрението ја издава Агенцијата по службена должност или на барање на носителот на одобрението.

(3) Агенцијата го укинува одобрението на барање на носителот на одобрението доколку барателот ги има исполнето сите обврски кои произлегуваат од овој закон, како и условите утврдени во одобрението.

(4) Доколку од објективни причини поштенските услуги не можат да се обезбедуваат, Агенцијата може да го укине одобрението на барање на носителот на одобрението.

(5) Агенцијата го укинува одобрението по службена должност, доколку:

- носителот на одобрението повеќе не ги исполнува условите од членот 42 став (1) на овој закон,
- барањето содржи неточни податоци,
- не се отстранети недостатоците што Агенцијата барала да се отстранат во утврден временски рок,
- не се платени надоместоците за добивање на одобрението,
- носителот на одобрението ја прекршува тајноста на поштенските пратки и
- носителот на одобрението не постапи по конечно решение на Комисијата за заштита на конкуренцијата со кое е утврдено дека носителот на одобрението постапил спротивно на одредбите на Законот за заштитата на конкуренцијата.

(6) Кога постапката за укинување на одобрението е започната по службена должност, Агенцијата е должна веднаш да го извести носителот на одобрението за укинувањето, како и за причините за укинување на одобрението.

(7) Укинувањето на одобрението е со денот кога одлуката со која се укинува одобрението ќе стане конечна.

Член 48
**Престанок на важноста на одобрението**

(1) Одобрението престанува да важи:

- по истекот на временскиот рок за кој истото било издадено,
- доколку носителот на одобрението престанал да постои и
- носителот на одобрението не почне да ги обезбедува услугите кои се наведени во одобрението.

(2) За престанок на важноста на одобрението Агенцијата донесува одлука.

V. ОБЕЗЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАП ДО ПОШТЕНСКАТА МРЕЖА

Член 49
**Пристап за даватели на поштенски услуги до јавната поштенска мрежа**

(1) Давателот на УПУ е должен, согласно со условите одредени во овој закон, да овозможи пристап до јавната поштенска мрежа и на другите даватели на поштенски услуги.

(2) Давателот на УПУ е должен да склучи договор за пристап до јавната поштенска мрежа со други даватели на поштенски услуги на нивно барање. Агенцијата ќе ги утврдува

начинот и условите за пристап до јавната поштенска мрежа, цената на пристапот и други прашања поврзани со пристапот. Давателот на УПУ мора да и испрати на Агенцијата копија од потпишаниот договор, како и измени и дополнувања доколку ги има.

(3) Доколку договорот за пристап до јавната поштенска мрежа не се склучи во рок од 60 дена по барањето доставено од давателот на поштенската услуга, или постигнатиот договор е спротивен на одредбите на овој закон, Агенцијата по барање на едната од страните одлучува за решавање на споровите согласно со одредбите од членот 82 на овој закон.

(4) Давателот на УПУ може да одбие пристап до јавната поштенска мрежа само во случаите кога давањето пристап до јавната поштенска мрежа претставува закана за обезбедувањето на универзалната поштенска услуга и во таков случај давателот на УПУ ја известува Агенцијата во рок од седум дена со приложување на докази зошто барателот е одбиен.

(5) При утврдувањето на цената и условите за пристап до јавната поштенска мрежа, Агенцијата и давателот на УПУ не смеат да прават разлика меѓу различните даватели на поштенски услуги, се додека се земаат предвид истите услови.

(6) Давателот на УПУ е должен, во актот за Општите услови за обезбедување на поштенски услуги да ги објави начинот и условите за пристап до јавната поштенска мрежа. Цената за пристап до јавната поштенска мрежа се утврдува со договорот за пристап.

(7) Агенцијата може, по сопствена иницијатива, да му наложи на давателот на УПУ исполнување на обврските утврдени со овој член кога пречката за пристап до поштенската мрежа образложена од страна на давателот на УПУ е недоволна, односно необјективна.

Член 50

**Заедничка употреба на објекти и средства**

(1) Заради економично користење на просторот, давателите на поштенските услуги можат да градат и поставуваат објекти и средства на имот во државна или приватна сопственост, на начин со кој ќе се овозможи нивна заедничка употреба.

(2) Давателите на поштенските услуги од ставот (1) на овој член имаат обврска да склучат договор за заедничка употреба за објектите и средствата.

(3) Агенцијата има обврска да ги поттикнува давателите на поштенските услуги да постигнат согласност за заедничка употреба на објекти и средства.

Член 51

**Пристап до универзална поштенска услуга**

(1) Давателот на УПУ е должен да обезбеди места за пристап до универзална поштенска услуга и тоа поштенски единици во сопственост на давателот на УПУ, или изнајмени поштенски единици, или друг вид на места обезбедени од давателот на УПУ, како и поштенски сандачиња на улици и истурени шалтери од членот 27 на овој закон.

(2) Агенцијата ќе ги утврди критериумите за пристапот до универзалната поштенска услуга, со утврдување на растојание меѓу поштенските единици, број на поштенски сандачиња на улици и слично. Давателот на УПУ треба да добие претходно одобрение од Агенцијата за секоја планирана измена на поштенската единица (на пример, затворање на продажни места).

Член 52
**Надоместок за вршење надзор на пазарот на поштенските услуги**

(1) Давателите на поштенските услуги се должни на Агенцијата да и плаќаат годишен надоместок за вршење надзор на пазарот на поштенските услуги.

(2) Годишниот надоместок од ставот (1) на овој член изнесува не помалку од 0,1% и не повеќе од 0,5 % од вкупниот годишен приход на давателите на поштенските услуги остварен во претходната година, или за пократок дел од годината кога давателот почнал да работи.

(3) Давателите на поштенските услуги се должни најдоцна до 31 март секоја година на сметка на Агенцијата да го платат надоместокот од ставот (1) на овој член, врз основа на претходно доставен извештај на вкупниот приход од ставот (2) на овој член.

(4) Доколку Агенцијата се сомнева за вистинитоста на остварениот годишен вкупен приход, има право да изврши процена на приходот на давателот на поштенските услуги.

(5) Доколку проценетиот вкупен приход значително отстапува од пријавениот вкупен приход, при наплата на годишниот надоместок од ставот (2) на овој член, Агенцијата ќе го задолжи давателот на поштенските услуги да ја уплати пресметаната разлика.

(6) Методологијата за пресметување на годишниот надоместок од ставот (1) и годишната стапка од ставот (2) на овој член ги пропишува Агенцијата.

(7) Агенцијата, при донесувањето на актот од ставот (6) на овој член, писмено ги известува давателите на поштенските услуги за можноста до Агенцијата да достават свои мислења и предлози во врска со годишниот надоместок, методот на пресметување и примена. Рокот на доставување на мислењата и предлозите не смее да биде подолг од два месеца од денот на приемот на известувањето. Во овој период можат да се водат заемни преговори.

(8) Годишниот надоместок од ставот (1) на овој член се плаќа на сметка на Агенцијата и се користи за вршење на активности на Агенцијата утврдени со овој закон.

VI. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УНИВЕРЗАЛНА ПОШТЕНСКА УСЛУГА, ЦЕНИ И ПРЕСМЕТКИ

Член 53
**Општи услови за обезбедување на универзална поштенска услуга**

(1) Агенцијата на предлог на давателот на УПУ ги пропишува Општите услови за обезбедување на униврзална поштенска услуга.

(2) Агенцијата може да изврши измена и дополнување на Општите услови за обезбедување на универзалната поштенска услуга од ставот (1) на овој член, доколку тоа е потребно за заштита на корисниците на поштенските услуги или заштита на конкуренција на поштенскиот пазар.

(3) Давателите на УПУ се должни да ги објават на нивните веб страници Општите услови за обезбедување на универзалната поштенска услуга.

Член 54
**Цени на универзална поштенска услуга**

(1) Агенцијата на предлог на давателот на УПУ дава согласност на цените за обезбедување на универзална поштенска услуга во рок од 30 дена од денот на приемот на

предлогот. Секое барање од страна на давателот на УПУ за зголемување на цените за обезбедување на универзална поштенска услуга, треба да биде образложено со анализа на трошоци, за да се утврди вистинската потреба од зголемување на цените. Доколку се потребни дополнителни информации и пресметки, Агенцијата може да го продолжи рокот за 15 дена откако претходно ќе го извести давателот на УПУ.

(2) Доколку Агенцијата не даде согласнот на цените за обезбедување на поштенска услуга во рокот утврден од ставот (1) на овој член, ќе се смета дека согласноста е дадена.

(3) Цените за обезбедување на универзална поштенска услуга, давателот на УПУ е должен да ги објави на својата веб страница и во деловните простории наменети за корисници на поштенски услуги, како и да ги достави на корисниците на поштенските услуги на увид, по нивно барање.

(4) Давателот на УПУ е должен цените од ставот (1) на овој член да ги објави во јавните гласила најмалку осум дена пред почетокот на нивната примена.

(5) Цените за обезбедување на универзална поштенска услуга од ставот (1) на овој член на предлог на давателот на УПУ се формираат врз основа на следниве критериуми:

- да овозможат пристап до универзална поштенска услуга за сите корисници,
- да се базираат на трошоците за ефикасно обезбедување на универзална поштенска услуга,
- да бидат еднакви на целата територија на Република Македонија,
- да се предвиди можност цената за големите корисници да биде помала и
- да бидат транспарентни и утврдени на недискриминаторска основа.

Член 55

**Забрана за субвенционирање**

(1) Давателот на УПУ не смее со приходите од обезбедувањето на резервираните поштенски услуги да ги субвенционира другите поштенски услуги освен во обем кој е неопходен за исполнување на обврските што произлегуваат од обезбедувањето на универзална поштенска услуга.

(2) Во спроведувањето на одредбите од ставот (1) на овој член Агенцијата ќе соработува со Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Член 56

**Водење на сметководство**

(1) Давателот на УПУ е должен да изврши соодветни разграничувања на сметководството меѓу различните деловни активности со цел да се обезбеди транспарентност на пресметковните информации.

(2) Давателот на УПУ е должен да води посебно сметководство за универзална поштенска услуга, за резервираните поштенски услуги, како и за другите поштенски услуги што ги обезбедува.

(3) Посебните сметководствени извештаи на давателот на УПУ се ревидираат на годишна основа и се објавуваат заедно со финансискиот извештај.

(4) Давателите на поштенски услуги се должни на Агенцијата да и доставуваат финансиски извештаи и други податоци за своето работење.

(5) Агенцијата го пропишува начинот на водење на сметководството од ставот (2) на овој член, како и начинот на спроведувањето на обврската од ставот (4) на овој член.

Член 57
**Штрајк**

(1) Давателот на УПУ во случај на штрајк мора да обезбеди прием, пренос, сортирање и достава на поштенските пратки што се користат во судски постапки, административни постапки и постапки во врска со прекршоци, како и пренос, сортирање и достава на препорачани поштенски пратки за потребите на одбраната и безбедноста.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член давателот на УПУ мора да обезбеди пренос на препорачани пратки и на пратки со означена вредност што се собрани пред почетокот на штрајкот.

## VII. ПОШТЕНСКИ ВРЕДНОСНИЦИ

Член 58
**Издавање на поштенски марки**

(1) Министерот ја одобрува Годишната програма за издавање пригодни поштенски марки што ја доставува давателот на УПУ.

(2) Давателот на УПУ има ексклузивно право да:

- издава редовни и пригодни поштенски марки,
- издава пликови со отпечатена поштенска марка и поштенски картички,
- издава пригодни поштенски жигови,
- издава филателистички пликови кои се издаваат на денот на издавањето на поштенската марка,
- издава каталози и други филателистички производи,
- ги известува странските поштенски оператори кои се членки на Светскиот поштенски сојуз за издавањето на поштенски марки и
- продава и разменува меѓународни купони за одговор.

(3) Поштенските марки мора да бидат во согласност со условите пропишани во актите на Светскиот поштенски сојуз.

## VIII. ДОСТАВА

Член 59
**Достава на поштенски пратки**

(1) Поштенските пратки се доставуваат лично на примачот или на лицето кое е овластено од него за прием на пратката во неговиот стан или во неговите деловни простории, како и ставени во куќни или збирни поштенски сандачиња, ставени во поштенски фах во просториите на давател на поштенски услуги или предадени лично на примач или на лице овластено од него во просториите на давател на поштенски услуги.

(2) Судски писма и писма од управна постапка се доставуваат од страна на давателот на УПУ според методи и услови утврдени со друг закон.

## IX. ПОШТЕНСКИ САНДАЧИЊА

Член 60

**Обврска за поставување на поштенски сандачиња од страна на давателот на универзалната поштенска услуга**

(1) Давателот на УПУ е должен да постави поштенски објекти за собирање и достава на поштенските пратки на јавни места и улици, вклучувајќи ги и поштенските сандачиња за да обезбеди подобар пристап до неговата мрежа и поефикасна услуга на корисниците.

(2) Поштенските сандачиња мора да бидат направени и поставени на начин што овозможува безбедна достава на поштенските пратки.

(3) Давателот на УПУ е должен најмалку еднаш дневно да собира поштенски пратки доставени во поштенските сандачиња од ставот (1) на овој член.

Член 61

**Обврска за поставување на поштенски сандачиња од страна на корисници на поштенски услуги**

(1) Примачот на поштенските пратки мора да обезбеди поставување и одржување на куќно поштенско сандаче на влезот од неговиот стан или деловен простор во кое ќе му бидат доставувани поштенските пратки.

(2) Куќното поштенско сандаче мора да го носи бројот на станот или бројот на деловните простории.

(3) Куќните поштенски сандачиња од ставот (1) на овој член треба да се одржуваат од страна на примачот на начин кој ќе обезбеди сигурна достава на поштенските пратки.

(4) Давателите на поштенските услуги нема да вршат достава на поштенските пратки доколку не се обезбедени условите од ставовите (1) и (2) на овој член и за истото се должни да ја известат Агенцијата.

## X. ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗАЛНА ПОШТЕНСКА УСЛУГА

Член 62

**Право на користење на поштенски услуги и право на приговор**

(1) Секое лице има право да користи универзална поштенска услуга согласно со членот 25 од овој закон, Општите услови за обезбедување на универзалната поштенска услуга од членот 53 на овој закон и цените од членот 54 на овој закон.

(2) Секој корисник на поштенски услуги има право на приговор на одлука или на постапка преземена од давателот на поштенски услуги во врска со пристапот до услугите и обезбедувањето на услуги. Корисникот може да даде приговор до давателот на поштенските услуги во рок од 30 дена од денот кога ќе дознае за одлуката или постапката на давателот на поштенските услуги.

(3) Доколку давателот на поштенските услуги не го прифати приговорот или не донесе одлука во врска со него во рок од 30 дена од приемот на приговорот, корисникот на поштенски услуги може да вложи жалба до Агенцијата во рок од 15 дена од истекот на овој рок.

## XI. ПРИВАТНОСТ НА ПОШТЕНСКИТЕ ПРАТКИ

### Член 63
### Тајност на поштенските пратки

(1) Давателите на поштенски услуги мора да обезбедат неповредливост на тајноста на поштенските пратки.

(2) На вработените кај давател на поштенски услуги им е забрането:

- на неовластен начин да ја дознаат содржината на поштенските пратки,
- да ги отворат, задржат или да ги прикријат поштенските пратки и/или да одземат од содржината на пратките,
- во поштенските пратки да стават предмети и супстанции забранети со овој и друг закон,
- да ги предадат поштенските пратки на неовластени лица,
- да отстрануваат поштенска марка од поштенски пратки,
- на неовластени лица да им ја соопштат содржината на поштенските пратки, времето кога тие биле предадени или пристигнати, идентитетот на испраќачот, односно примачот, како и големината и тежината на поштенските пратки,
- на неовластени лица да овозможат пристап до податоците од алинеите 1, 2 и 3 на овој став и
- да упишуваат неточни податоци на жигот за место и датум на прием на поштенски пратки. Правните или физичките лица кои обезбедуваат поштенски услуги се должни да обезбедат неповредловост на тајноста на поштенските пратки дури и по престанување на времето на активноста во кое биле обврзани да ја обезбедат тајноста.

(3) Под неовластени лица од ставот (2) на овој член се сметаат сите лица освен испраќач, примач или лица овластени од испраќачот или примачот.

(4) Податоците што вработените од ставот (2) на овој член ќе ги дознаат при извршувањето на работните обврски се должни да ги чуваат и по престанокот на работниот однос кај давателот на поштенските услуги.

(5) Вработените кај давателот на поштенските услуги може да отворат поштенска пратка во следниве случаи:

- кога поштенските пратки се оштетени, заради утврдување на состојбата на оштетените пратки и да ја обезбедат нивната содржина со повторно нивно пакување,
- за да утврдат кој е испраќач или примач на неврачливи поштенски пратки,
- за да спречат можна опасност по лица и предмети од содржината на пратките и
- со согласност од испраќачот или примачот.

(6) Поштенските пратки од ставот (5) на овој член треба комисиски да се отвораат и соодветно да се обележат дека биле отворени, а за секоја отворена поштенска пратка да се состави записник.

(7) Доколку Агенцијата утврди кршење на приватноста на поштенските пратки, целосно или делумно, ќе го забрани обезбедувањето на поштенската услуга.

(8) Заради започнување или спроведување кривична постапка или заради одбраната и безбедноста, согласно со прописите со кои се регулира кривичната постапка или разузнавањето и внатрешните работи, давателите на поштенските услуги се должни врз основа на налог издаден од надлежен суд да обезбедат пристап до содржината на поштенските пратки и да доставаат податоци за поштенските услуги.

(9) Пред прегледот на содржината на поштенската пратка, надлежниот суд е должен да достави на давателот на поштенски услуги препис од налогот, издаден од надлежен суд што се однесува на корисникот на поштенските услуги.

(10) Давателите на поштенски услуги се должни податоците за постапките извршени согласно со ставовите (8) и (9) на овој член да ги чуваат како службена тајна.

Член 64

**Податоци за корисниците на поштенски услуги**

(1) Давателите на поштенските услуги можат да ги собираат и да ги обработуваат личните податоци на корисниците на поштенски услуги кои се составен дел на адресата на поштенската пратка, доколку тие податоци им се потребни за обезбедување на поштенските пратки.

(2) Давателите на поштенските услуги се должни да ги обработуваат податоците од ставот (1) на овој член согласно со прописите со кои се регулира заштитата на личните податоци.

## XII. СОДРЖИНА НА ПОШТЕНСКИТЕ ПРАТКИ И ОДГОВОРНОСТ ЗА ПРЕДИЗВИКАНА ШТЕТА

Член 65

**Забранета содржина на поштенските пратки**

(1) Поштенските пратки не смеат да содржат:

- опојни дроги, освен ако испраќачот или примачот не е лице кое е законски овластено да тргува или да користи вакви материи,
- експлозивни, запаливи, радиоактивни или други опасни материи,
- живи животни,
- предмети чиј увоз и промет се забранети во одредишната земја,
- предмети кои се опасни за персоналот вработен кај давателот на поштенски услуги,
- предмети што се забранети со актите на Светскиот поштенски сојуз и
- други материи и предмети чие пренесување е забрането, согласно со овој и друг закон.

(2) По исклучок од ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член опасните материи што се разменуваат меѓу надлежните институции можат да се пренесуваат со поштенски пратки на начин и под услови утврдени со закон.

(3) По исклучок од ставот (1) алинеја 3 на овој член поштенските пратки, различни од вредносните поштенски пратки, е дозволено да содржат пчели, пијавици и свилени буби.

(4) Давателите на поштенски услуги се должни да ги достават поштенските пратки што содржат материи или предмети од ставот (1) алинеи 1 и 2 на овој член, со оглед на нивната природа и степен на ризик, до надлежните државни органи, носители на јавни овластувања или даватели на јавни услуги.

(5) Начинот за постапување со пратките за кои ќе се утврди дека содржат супстанции или предмети од ставот (1) на овој член се уредува со актот за Општите услови за обезбедување на универзалната поштенска услуга.

Член 66

**Одговорност на испраќачот за содржината на поштенските пратки**

(1) Испраќачот е одговорен за внатрешното пакување на поштенската пратка.

(2) Испраќачот е одговорен за сите штети што неговата пратка заради несоодветно пакување ги предизвикала на другите поштенски пратки, на постројките на поштенските оператори и на средствата за пренос, како и за повреди или смрт на вработените и на други лица, доколку тие настанат поради тоа што пратката содржела предмети чие испраќање е забрането.

(3) Испраќачот е должен да ја означи стварната вредност на содржината на пратката со означена вредност.

### Член 67
### **Одговорност на давател на поштенски услуги за предизвикана штета**

(1) Давателите на поштенски услуги се одговорни во случај на загуба или оштетување на книжена поштенска пратка или намалување на нејзината содржина, или пречекорување на рокот за пренос и доставување на книжената поштенска пратка.

(2) Во случај на загуба, оштетување или намалување на содржината на писмоносна поштенска пратка со означена вредност или пакет со означена вредност, испраќачот има право да бара од давателот на поштенските услуги надомест за настанатата штета, но не повеќе од висината на означената вредност на писмоносната поштенска пратка или пакет.

(3) Давателите на поштенски услуги не се одговорни кон корисниците на поштенските услуги, за случаите од ставовите (1) и (2) на овој член ако докажат дека истите се предизвикани од виша сила, односно заради природата на поштенската пратка не можеле да се предвидат, да се избегнат или да се отстранат, или се по вина на испраќачот.

(4) Давателите на поштенски услуги не се одговорни кон корисниците на поштенските услуги во случај кога поштенската пратка не е доставена или е доставена на лице кое не е примач на поштенската пратка како последица на неточна адреса.

(5) Давателите на поштенски услуги не се одговорни кон корисниците на поштенските услуги кога надлежен орган ја има одземено или уништено поштенската пратка што содржи забранети супстанции или предмети.

(6) Давателите на поштенски услуги не се одговорни кон корисниците на поштенските услуги доколку се докаже дека корисникот на поштенски услуги со измама ја осигурал содржината на поштенската пратка на износ кој ја надминува вистинската вредност на содржината.

(7) Давателите на поштенски услуги не се одговорни кон корисниците на поштенските услуги доколку корисникот на поштенските услуги не направил рекламација во предвидениот рок.

(8) Заедно со надоместокот на испраќачот ќе се врати и платениот износ за вршење на поштенската услуга намален за износот платен за означување на вредноста за писмоносна поштенска пратка или пакет.

(9) Во меѓународниот поштенски сообраќај давателите на поштенски услуги одговараат во согласност со меѓународните договори што ги склучила, односно им пристапила Република Македонија.

### Член 68
### **Рекламација на примач на поштенски пратки**

(1) Примач може да поднесе рекламација и за обични поштенски пратки, но без надоместок за штета.

(2) Примачот или друго овластено лице може да поднесе рекламација до давателот на поштенски услуги за штета или за намалена содржина на поштенската пратка:

- веднаш ако оштетувањето е видливо од надвор и
- во рок од 24 часа од приемот на поштенската пратка ако оштетувањето не е видливо однадвор, под услов примачот да докаже дека оштетувањето или намалувањето на содржината на поштенската пратка настанало пред нејзиното врачување.

Член 69

**Рекламација на испраќач на поштенска пратка**

(1) Ако испраќачот или друго овластено лице смета дека поштенската пратка не е доставена на примачот, или дека е доставена со задоцнување, или бараната посебна услуга не е извршена, може да поднесе писмена рекламација до давателот на поштенските услуги во рок од три месеца од денот на испраќање на пратката.

(2) Рекламацијата од ставот (1) на овој член се поднесува до давателот на поштенските услуги кај кој пратката е предадена.

XIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 70

**Решавање на спорови**

(1) Агенцијата решава спорови во случаи пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон меѓу давателот на универзалната поштенска услуга и давателите на поштенските услуги како корисници на јавната поштенска мрежа, како и меѓу даватели на поштенски услуги и корисниците на поштенските услуги.

(2) Во случаите од ставот 1 на овој член, Агенцијата започнува постапка за решавање на спор по службена должност или на барање на една од страните во спорот.

(3) Во постапките за решавање на спорови Агенцијата ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредно.

(4) Агенцијата е должна да го реши спорот во рок од 42 дена од денот на приемот на предлогот за започнување на постапка за решавање на спорот. Крајниот рок за решавање на спорот може да се продолжи доколку тоа е потребно заради обемот на постапката, но не смее да биде подолг од четири месеца.

(5) Агенцијата е должна при решавање на споровите да ги има предвид и целите за обезбедување на ефикасна конкуренција и заштита на интересите на корисниците на пазарот, согласно со овој закон.

(6) Агенцијата е должна јавно да ги објавува одлуките во врска со споровите при што треба да ја има предвид забраната за објавување на деловни тајни на странките.

Член 71

**Посредување и арбитража**

Давателот на универзалната поштенска услуга и давателите на поштенските услуви како корисници на јавната поштенска мрежа, како и давателите на поштенските услуги и корисниците на поштенските услуги можат писмено да се договорат, спорот да се реши со посредување или арбитража на начин и постапка утврдени со овој закон.

Член 72

**Постапка за посредување**

Постапката за посредување и арбитража од членот 71 на овој закон, започнува со доставување на писмен предлог од страна на давателите на поштенските услуги и корисниците на поштенските услуги до Агенцијата.

Член 73
**Посредник**

(1) Посредник, во смисла на овој закон е непристрасно трето лице, независно од страните во спорот, коешто е овластено да врши заеднички и/или посебни посреднички сослушувања на страните во спорот и коешто предлага начин за решавање на спорот.
(2) Страните од ставот 1 на овој член договорно назначуваат посредник.
(3) Ако страните не можат да се договорат во рок од седум дена за посредникот, која било страна може да побара Агенцијата да именува посредник. Агенцијата именува посредник во рок од седум дена по добивањето на барањето.

Член 74
**Посреднички сослушувања**

(1) Посредничките сослушувања се доверливи.
(2) По правило, страните и нивните овластени лица присуствуваат на посредничките сослушувања, а други лица можат да присуствуваат само со претходна согласност на страните, како и со дозвола на посредникот.

Член 75
**Предлог за разрешување на спор**

(1) Посредникот подготвува писмен предлог на решение за разрешување на спорот и им го доставува на страните.
(2) Ако страните го прифатат решението од ставот 1 на овој член, неговата содржина се внесува во меморандум што го потпишуваат страните и посредникот.
(3) Ако страните не го прифатат решението од ставот 1 на овој член, постапката за посредување се смета за неуспешна.

Член 76
**Арбитражна постапка**

(1) Арбитражната постапка ја спроведува Арбитражен совет кој се избира од список на арбитри.
(2) Арбитражната постапка започнува со доставување на писмен предлог до Агенцијата од една или двете страни во спорот која го проследува до Арбитражниот совет.
(3) Агенцијата ќе ги упати страните да го решат спорот по пат на посредување доколку според сопствено убедување смета дека посредувањето може повеќе да придонесе кон навремено решавање на спорот.

Член 77
**Список на арбитри**

(1) Списокот на арбитри е составен од најмалку десет компетентни и стручни лица од областа на поштенските услуги, машински, правото, економијата и други области што се од значење за остварувањето на надлежностите на Агенцијата и истиот се води во Агенцијата.
(2) Арбитрите се именуваат од Комисијата, министерот за транспорт и врски и други заинтересирани страни.
(3) Мандатот на арбитерот, изнесува пет години со можност за повторно именување.

(4) Именуваните арбитри треба да бидат непристрасни и независни од страните во постапката.

Член 78
**Основање на арбитражни совети**

(1) Арбитражните совети се основаат на следниов начин:

- секоја страна од спорот, во рок од седум дена од денот на поднесувањето на предлогот за арбитражна постапка, избира по еден арбитер од списокот на арбитри и
- двата арбитри избрани од страните во спорот, во рок од седум дена од нивниот избор треба договорно да изберат трет арбитер од списокот на арбитри, којшто ќе биде претседавач на Арбитражниот совет.

(2) Ако изборот на претседавачот, или на кој било друг арбитер не е извршен во рокот утврден во ставот 1 на овој член, директорот на Агенцијата е должен да го изврши изборот на овие лица во рок од пет дена по истекот на утврдениот рок.

(3) Рокот за избор на арбитри може да се продолжи спогодбено меѓу страните во спорот и за тоа треба да ја извести Агенцијата.

Член 79
**Правила на постапката**

(1) Страните во спорот можат спогодбено да ги изберат правилата на постапката за Арбитражниот совет.

(2) Во отсуство на таква спогодба, Арбитражниот совет самостојно решава за начинот на водење на постапката.

(3) Арбитражниот совет ги сослушува страните, ги разгледува жалбите и приговорите и на страните им дава предлози за спогодбено решавање на спорот.

(4) Ако не може да се постигне спогодбено решавање на спорот, Арбитражниот совет го решава спорот по сопствено убедување.

(5) Арбитражната одлука може да биде достапна за јавноста од овој закон, но самото досие за арбитражната постапка останува доверливо.

Член 80
**Место и трошоци на арбитражата**

(1) Ако поинаку не е договорено со страните од спорот, Арбитражниот совет го избира местото на арбитражната постапка.

(2) Трошоците за арбитражата ги сносат рамноправно страните во спорот, освен ако поинаку не се договорат.

Член 81
**Арбитражна одлука**

(1) Арбитражите завршуваат со донесување на одлука од страна на Арбитражниот совет.

(2) Арбитрите ги донесуваат одлуките со мнозинство гласови.

(3) Арбитражната одлука им се доставува на страните во спорот и се депонира кај Агенцијата.

(4) Арбитражната одлука, вклучително и заклучоците утврдени во однос на фактите или законските прашања, се обврзувачки за страните од спорот и се извршуваат преку судовите.

(5) Против одлуката на арбитражниот совет не е дозволена жалба.

## XIV. НАДЗОР

### Член 82
### **Надлежност за вршење на надзор**

(1) Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и на меѓународните договори што ги склучила или им пристапила Република Македонија од областа на поштенскиот сообраќај вршат Министерството за транспорт и врски и Агенцијата во рамките на надлежностите утврдени со овој закон.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Агенцијата преку инспектори за поштенски сообраќај.

### Член 83
### **Надлежности на инспектор**

Во вршењето на надзорот, инспекторот за поштенски сообраќај е овластен да врши контрола:

- над спроведувањето на одредбите на овој закон,
- на квалитетот на универзалната поштенска услуга,
- на пристапот до јавната поштенска мрежа,
- на Општите услови за обезбедување на универзална поштенска услуга и на цените на давателот на УПУ,
- на забраната за субвенционирање и водењето на сметководство на давателот на УПУ и
- на имплементацијата на сите акти издадени од Агенцијата.

### Член 84
### **Инспектори**

(1) За инспектор за поштенски сообраќај (во натамошниот текст: инспекторот) може да биде назначено лице кое има сообраќаен факултет насока поштенски сообраќај, машински, правен или економски факултет, со најмалку три години работно искуство во струката.

(2) Директорот на Агенцијата на инспекторот му издава службена легитимација која му служи за докажување на неговото службено својство која е должен да ја покаже при вршењето на инспекцискиот надзор, ако тоа се побара од него.

(3) Формата и содржината на службената легитимација од ставот (2) на овој член и начинот на издавање и одземање ја пропишува Комисијата на Агенцијата. Службената легитимација на инспекторот може да му се одземе кога истиот е разрешен или му престанал работниот однос во Агенцијата.

(4) Правните лица кои вршат поштенски услуги се должни на инспекторот при вршење на надзор да му овозможат влегување во просторија каде што е сместена техничката опрема и средствата за обезбедување на поштенските услуги, како и на барање на инспекторот да ги доставаат потребните податоци и документација заради вршење на инспекцискиот надзор.

(5) Доколку инспекторот се сомнева дека некое правно или физичко лице врши поштенски услуги, правното или физичкото лице е должно на инспекторот да му овозможи влегување во просторија каде што е сместена техничката опрема и средствата за обезбедување на поштенските услуги, како и на барање на инспекторот да ги достави потребните податоци и документација заради вршење на инспекциски надзор.

(6) Доколку на инспекторот при вршење на надзорот не му се овозможи влегување во станбена просторија, инспекторот може тоа да го стори со налог издаден од надлежниот суд.

(7) Кога давател на поштенски услуги прави штетни пречки во работата на друг давател на поштенски услуги или не постапи по донесен акт од страна на Агенцијата, инспекторот ќе изврши запечатување на просториите и средствата чие работење не е во согласност со одредбите на овој закон.

(8) Запечатувањето од ставот (6) на овој член се означува со жиг, чија содржина и форма ја пропишува Агенцијата.

(9) По отстранувањето на утврдените неправилности и недостатоци поради кое е извршено запечатувањето на просториите или средствата за обезбедување на поштенските услуги, по писмено барање на странката на која и е извршено запечатувањето, инспекторот ќе изврши отпечатување на просториите или на средствата.

Член 85
**Повреда на прописите**

(1) Во случај на повреда на одредбите од овој закон утврдена од страна на инспекторот, директорот на Агенцијата може да донесе решение со кое ќе:

- нареди на сторителот на повредата во определен рок да преземе мерки за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци,
- забрани активности кои се вршат во спротивност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон,
- ја забрани дејноста на работењето на давателот на поштенските услуги доколку не ги плати надоместоците во утврдениот рок согласно со овој закон и
- покрене постапка за прекршоци утврдени со овој закон, или кривична постапка согласно со Законот за кривичната постапка.

(2) Директорот на Агенцијата ќе го донесе решението од ставот (1) на овој член во рок од 15 дена од денот на утврдувањето на сторената повреда.

Член 86
**Право на жалба**

(1) Против решението на директорот од членот 85 на овој закон, незадоволната странка може да поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

(2) Комисијата на Агенцијата е должна да одлучи по жалбата во рок од 15 дена од денот на приемот.

(3) Решението на Комисијата на Агенцијата по жалбата е конечно.

(4) Жалбата од ставот (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## XV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 87
**Постапка по прекршоци**

За прекршоците утврдени во членовите 88, 89, 90 и 91 од овој закон прекршочната постапка и постапката за порамнување и посредување се води на начин утврден со овој закон.

Член 88
**Прекршоци**

(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - обезбедувач на поштенски услуги, ако:

- не обезбедува универзална поштенска услуга согласно со членовите 25 и 27 од овој закон;
- не уплати средства за надоместување на реалните трошоци за вршење на универзална поштенска услуга во износ и рок утврден од Агенцијата (член 30 став (4));
- обезбедува поштенска услуга без дозвола, односно одобрение спротивно на членот 33 став (5) од овој закон;
- пренесува права и обврски на друго правно лице (член 38);
- обезбедува поштенска услуга со дозвола која е укината (член 40 став (8));
- обезбедува поштенска услуга и по престанок на важноста на дозволата (член 41);
- обезбедува поштенски услуги и по престанокот на важноста на одобрението (член 48);
- не обезбеди места за пристап или изнајмени поштенски единици и друго согласно со членот 51 став (1) од овој закон;
- не го плаќа надоместокот за вршење на надзор на пазарот на поштенските услуги (член 52);
- не ги објави цените за универзална поштенска услуга на начин и во рок согласно со членот 54 ставови (3) и (4) од овој закон;
- врши субвенционирање на други поштенски услуги спротивно на членот 55 од овој закон;
- не води сметководство согласно со членот 56 ставови (1), (2) и (4) од овој закон;
- издава поштенски марки спротивно на членот 58 од овој закон и
- врши пренос на поштенски пратки чиј пренос е забранет (член 65).

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 89
**Прекршоци**

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - обезбедувач на поштенски услуги, ако:

- ја спречува Агенцијата или ревизорот овластен од Агенцијата да ги прегледа податоците и да го утврди приходот (член 30 став (5));
- не ги плати трошоците направени за ревизијата од членот 30 став (6) на овој закон;
- изврши пренос на одобрение на друго правно лице спротивно на членот 45 од овој закон;
- обезбедува поштенски услуги со одобрение кое е укинато согласно со членот 47 од овој закон;

- одбие пристап до јавната поштенска мрежа спротивно на условите од членот 49 на овој закон;
- ги спроведува цените за обезбедување на универзална поштенска услуга без да добие согласност од Агенцијата од членот 54 на овој закон;
- достави поштенска пратка спротивно на членот 59 од овој закон и
- не ја штити приватноста на поштенските пратки при обезбедувањето на поштенските услуги од членот 63 на овој закон;

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член глоба во износ од 300 до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 90
**Прекршоци**

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - обезбедувач на поштенски услуги, ако:
- не дава на располагање информации и финансиски податоци на Агенцијата заради извршување на нејзините надлежности (член 22 став (1));
- не достави податоци до Агенцијата за остварените приходи од обезбедувањето на поштенските услуги од претходната година (член 30 став (3));
- не ја извести Агенцијата за промена на податоците дадени во барањето (член 34 став (8));
- на Агенцијата не и достави примерок од договорот како и измени или дополнувања доколку ги има (член 49 став (2));
- не ги објави на веб страницата цените за обезбедување на универзална поштенска услуга (член 53 став (3));
- не постави поштенски сандачиња во согласност со членот 60 ставови (1) и (2) од овој закон;
- не собира поштенски пратки согласно со членот 60 став (3) од овој закон и
- не ги обработува податоците на начин утврден со членот 64 од овој закон.

(2) За прекршокот од ставот (1) на овој член глоба во износ од 50 до 150 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице.

Член 91
**Прекршоци**

Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице - обезбедувач на поштенски услуги, ако:
- не дава на располагање информации и финансиски податоци на Агенцијата заради извршување на нејзините надлежности (член 22 став (1));
- не достави податоци до Агенцијата за остварените приходи од обезбедувањето на поштенските услуги од претходната година (член 30 став (3));
- обезбедува поштенска услуга без дозвола, односно одобрение спротивно на членот 33 став (5) од овој закон;
- не ја извести Агенцијата за промена на податоците дадени во барањето (член 34 став (8));
- пренесува права и обврски на друго физичко лице (член 38);
- обезбедува поштенска услуга со дозвола која е укината (член 40 став (8));
- обезбедува поштенска услуга и по престанок на важноста на дозволата (член 41);
- изврши пренос на одобрение на друго физичко лице спротивно на членот 45 од овој закон;

- обезбедува поштенски услуги со одобрение кое е укинато согласно со членот 47 од овој закон;
- обезбедува поштенски услуги и по престанокот на важноста на одобрението (член 48);
- не го плаќа надоместокот за вршење на надзорот на пазарот на поштенските услуги (член 52);
- не води сметководство согласно со членот 56 став (4) од овој закон;
- достави поштенска пратка спротивно на членот 59 од овој закон;
- не ја штити приватноста на поштенските пратки при обезбедувањето на поштенските услуги од членот 63 на овој закон;
- не ги обработува податоците на начин утврден со членот 64 од овој закон и
- врши пренос на поштенски пратки чиј пренос е забранет (член 65).

Член 92

**Прекршочни санкции**

(1) На правното лице за сторен прекршок од членовите 88, 89 и 90 на овој закон покрај глобата, ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на врешење на определена дејност во траење од шест месеца до три години, а може да му се изрече и прекршочна санкција одземање на предмети со кои е сторен прекршокот.

(2) На одговорното лице во правното лице за сторен прекршок од членовите 88, 89 и 90 на овој закон, покрај глоба, ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност во траење од три месеца до една година.

(3) На физичко лице за сторен прекршок од членот 91 на овој закон, покрај глоба, може да му се изрече и прекршочна санкција одземање на предмети со кои е сторен прекршокот.

Член 93

(1) За прекршоците од членовите 88, 89, 90 и 91 на овој закон инспекторот за поштенски сообраќај на сторителот на прекршокот може да му предложи посредување и постигнување на согласност со која сторителот на прекршокот треба да ја плати глобата, другите давачки и да ги отстрани последиците од прекршокот.

(2) Инспекторот од ставот (1) на овој член составува записник за прекршокот во кој се констатира согласноста на двете страни за покренување на постапка за посредување на кои се потпишува и сторителот на прекршокот.

(3) Постапката за посредување се покренува со доставување на записникот од ставот (2) на овој член до Комисијата за посредување, кој инспекторот е должен да го достави во рок од три дена од денот на составувањето и потпишувањето.

(4) Постапката за посредување се води пред Комисија за посредување формирана од директорот на Агенцијата.

(5) Комисијата е составена од три члена од кои еден ја врши функцијата на претседател. Членовите на Комисијата се избираат од редот на вработените во Агенцијата, од кои еден е дипломиран правник.

(6) Претседателот на Комисијата е должен постапката да ја започне во рок од 24 часа од денот на доставувањето на записникот.

(7) Комисијата работи на седница на која задолжително присуствуваат претставници на сторителот на прекршокот и инспекторот.

(8) За постигнатата согласност во постапката за посредување се склучува спогодба со сторителот на прекршокот.

(9) Во спогодбата се утврдуваат обврските на сторителот на прекршокот, а особено:
- висината и начинот на плаќање на глобата,

- висината и начинот на плаќање на другите давачки и трошоци и
- мерките кои треба да ги преземе сторителот за отстранување на последиците од прекршокот.

(10) Во случаите во кои е постигната согласност во постапката за посредување, глобата за сторителот за сторениот прекршок може да му биде намалена за најмалку една половина од максимум пропишаната глоба за прекршокот.

(11) Директорот на Агенцијата донесува деловник и трошковник за работа на Комисијата.

(12) Членовите на Комисијата за посредување за својата работа имаат право на награда која треба да биде разумна и соодветна на значењето, обемот и сложеноста на прекршоците.

(13) Висината и видот на трошоците утврдени во трошковникот од ставот (11) на овој член се определуваат во зависност од реалните трошоци што ги има органот потребни за обезбедување на работата на Комисијата за посредување.

(14) Комисијата за посредување е должна да води евиденција за поведените постапки за посредување и за нивниот исход.

(15) Спогодбата од ставот (8) на овој член има сила на извршна исправа.

(16) ако постапката за посредување не успее, се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

## XVI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 94

(1) Агенцијата ќе започне со работа со именување на членовите на Комисијата и на директорот на Агенцијата.

(2) Собранието на Република Македонија ќе ги именува претседателот и членовите на Комисијата најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Комисијата ќе го именува директорот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на нејзиното конституирање.

(4) До започнување со работа на Агенцијата, Министерството за транспорт и врски продолжува да ги врши работите од нејзина надлежност.

(5) Комисијата ќе донесе статут на Агенцијата во рок од 30 дена од денот на именувањето на претседателот и членовите на Комисијата.

### Член 95

Агенцијата ќе се финансира од Буџетот на Република Македонија, најмногу една година од денот на започнувањето со работа на Агенцијата.

### Член 96

Во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон на Македонската пошта ќе и се издаде индивидуална дозвола за обезбедување на универзалната поштенска услуга од членот 33 став (2) на овој закон.

### Член 97

Подзаконските прописи чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

Член 98

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за поштенски услуги (“Службен весник на Република Македонија“ број 55/2002).

Член 99

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.